РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК — ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KSHPK — KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09-378/9
15-11-2024

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по сопствена иницијатива, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на продолжението на 10-тата седница одржана на 08.11.2024 ја донесе следната

**О Д Л У К А**

Предметот заведен под број 09-378/1 од 24.01.2024 година против службеното ---------------------------- член на Националната комисија ------------- и одговорно лице, ВД декан на ----------------------------факултет при универзитетот ---------- во Скопје, СЕ ЗАПИРА.

ДКСК заклучи дека е констатирана повреда на член 44 став (4) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, по што е спроведена постапка за порамнување.

ДКСК нема елементи за натамошно надлежно постапување во предметниот случај, бидејќи е настаната и промена на фактичката состојба.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Предметот со број 09-378/1 од 24.01.2024 година е оформен по сопствена иницијатива на колегиум на ДКСК, одржан на ден 28.12.2023 година, согласно член 17 став (1) точка 10 и 12 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, според кој Државната комисија ја евидентира и следи имотната состојба и интересите и врши проверка на податоците од поднесените изјави за имотна состојба и интереси.

Имено, по извршена проверка на поднесените обрасци Изјава за интереси од страна на лицето -------------------------------- со бр. 09-2703/1 од 01.06.2023 година и бр. 09-7691/1 од 08.08.2022 година, Државната комисија утврди дека лицето покрај тоа што ја врши функцијата член на Националната комисија -------------- во исто време ја врши и функцијата на одговорно лице како --------- на --------- факултет при универзитетот ---------------------------- во Скопје, по што вака констатираната состојба е спротивна на член 44 став (4) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Со цел проверка на податоците пријавени во обрасците од страна на лицето-----------------, ДКСК се обрати до наведеното лице за да ги прибави актите за избор/именување или разрешување од двете наведни функции.

Врз основа на доставениот писмен допис - Доставување на информација од страна на ---------------------------------------, лицето приложи Одлука со бр. 02-102/3 од 19.12.2023 година за избор на вонреден Проф. Д-р ---------------------за Декан на --------- Факултет, донесена од Наставно научен совет на факултетот, Решение бр. 02-956/3 од 27.10.2023 година за престанок на функција вршител на должноста декан на ---------------- Факултет при универзитетот ---------------------------- во Скопје, Решение за назначување на вршител на должноста ------------------ факултет при Универзитетот ------------------------- во Скопје со бр. 02-956/1 од 08.05.2023 година, и Решение за именување на претседател и членови на Национална комисија -------------------- со бр. 15-14017/1 од 26.10.2023 година именувана од страна на ----------- Република Северна Македонија и Решение за именување претседател и членови на Национална комисија --------- со бр. 14-1989/1 од 02.03.2022 година.
По анализа на добиената документација и утврдување на фактичката состојба, ДКСК заклучи дека лицето ------------------------------ го прекршила член 44 став (4) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, по што ДКСК одлучи да спроведе постапка за порамнување против лицето ----------------------------------------- и до истото достави Записник за констатиран прекршок со бр.09-378/4 од 05.06.2024 година и Прекршочен платен налог со бр.09-378/5 од 05.06.2024 година.
Службеното лице ја плати глобата во законски даден рок и достави до ДКСК уплатница заведена под бр. 09-378/6 од 17.06.2024.

Понатаму, ДКСК достави Укажување со бр.09-378/7 од 09.07.2024 година до лицето--------, дека оваа констатирана состојба на повреда на ограничувањето за вршење на дејност за време на вршење на функцијата, може да се надмине единствено доколку се откажете од една од двете функции.
Лицето ---------------------------------постапи по Укажувањето и достави до ДКСК електронски допис, дека е доствено барање за разрешување на функцијата член на Национална Комисија ------------ до ----------- Република Северна Македонија.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје • Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

ДКСК нема елементи за натамошно надлежно постапување во предметниот случај бидејќи лицето ја надмина состојбата на неспојливост на функции и изврши уплата на законски предвидената глоба за прекршување на одредби од ЗСКСИ.
Врз основа на се погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

**Претседател**

**Татјана Димитровска**

По заклучок од седница на ДКСК
Изготвил: М.М – соработник
Контролирал: К.З - раководител
Одобрил: м-р С.Д. – член на ДКСК

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk